# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН

Број 4 АПРИЛ 2012 година

# ОПШТИНА ИЛИНДЕН

Илинден, Април 2012 година

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/2002) и член 37 од Статутот на општина Илинден (Сл.гласник бр.15/2010), Градоначалникот на Општина Илинден, донесе :

# Р Е Ш Е Н И Е

**за објавување на Одлуката за финансиско учество на Општина Илинден во реализацијата на Проектот: ,,Форум во заедниците”**

Се објавува Одлуката за финансиско учество на Општина Илинден во реализацијата на Проектот: „Форум во заедниците“, бр.07-969/2 од 09.04.2012 година што Советот на Општина Илинден ја донесе на 46-тата (четириесет и шестата) редовна седница одржана на ден 09.04.2012 година.

Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во Службен гласник на Општина Илинден.

**Арх.бр.08-1102/1**
**Од 11.04.2012 година**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**Жика Стојановски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02), член 20 став 1 точка 43 од Статутот на општина Илинден (Сл.гласник на општина Илинден бр.15/10) и член 134 став 2 од Деловникот за работа на Советот на општина Илинден (Сл.гласник на општина Илинден бр.12/09), Советот на Општина Илинден на седницата одржана на ден 09.04.2012 година, донесе

# О Д Л У К А

## за финансиско учество на Општина Илинден во реализацијата на Проектот: ,,Форум во заедниците”

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобруваат средства за финансиско учество на Општина Илинден за реализирање на Проектот: „**Форум во заедниците**”, кој ќе биде финансиран од Швајцарска агенција за развој и соработка.

**Член 2**

Вкупната вредност на Проектот изнесува 6.800.000,00 денари.

Општина Илинден ќе учествува во реализирањето на Проектот со 2.200.000,00 денари односно со 32,36% од вкупната вредност на проектот, кои се обезбедени од Буџетот на Општина Илинден за 2012 година, во ПодПрограма ЈКО – Јавна чистота (капитални расходи) 486120 – купување на камиони.

Воедно Општината финансиски ќе ги покрие трошоците за: освежување на учесниците, надоместоците за оперативната група, трошоците за односи со јавноста, превод (доколку е потребно), простории за одржување на форумите, превоз и слично.

**Член 3**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Илинден да ја спроведе оваа Одлука.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Илинден.

**Совет на Општина Илинден**
**Претседател**
**м-р Марјан Милошевски с.р.**

**Архивски број: 07-969/2**
**Датум на донесување: 09.04.2012г.**

# СОДРЖИНА

**1.** Решение за објавување на Одлуката за финансиско учество на Општина Илинден во реализацијата на Проектот: ,,Форум во заедниците”, бр.08-1102/1 од 11.04.2012 година ........................................................................................................**стр.2**

**2.** Одлука за финансиско учество на Општина Илинден во реализацијата на Проектот: ,,Форум во заедниците” бр.07-969/2 од 09.04.2012 година......................**стр.3**